РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 22 - 247 / 1
04.04.2025
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 став 2 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018, „Сл. весник на РСМ" 178/21 и 58/24) и член 3 од Статутот на Универзитетското студентско собрание, Универзитетското студентско собрание на 4.4.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на заменици студентски правобранители**

1. За потребите на студентите и остварувањето на студентските права и интереси, беше објавен Конкурс за избор на заменици студентски правобранители од секој факултет во рамки на Универзитет Американ Колеџ Скопје (Факултет за деловна економија и организациони науки, Факултет за архитектура и дизајн, Факултет за компјутерска техника и информатика, Факултет за странски јазици и Факултет за политички науки) на 3 март 2025 година.
2. По исполнување на законските, подзаконските услови и извршената селекција на кандидатите, се избраа заменици студентски правобранители од единиците на Универзитет Американ Колеџ Скопје.
3. За заменик студентски правобранител од **Факултет за деловна економија и организациони науки** избран е студентот **Калин Бесовски** со ИД **6144** со мандат од 2 (две) години од денот на изборот или до завршување на студиите.
4. За заменик студентски правобранител од **Факултет за архитектура и дизајн** избран е студентот **Марија Гавриловиќ** со ИД **5741** со мандат од 2 (две) години од денот на изборот или до завршување на студиите.
5. За заменик студентски правобранител од **Факултет за компјутерска техника и информатика** избран е студентот **Екатерина Цветкова** со ИД **6284** со мандат од 2 (две) години од денот на изборот или до завршување на студиите.
6. За заменик студентски правобранител од **Факултет за странски јазици** избран е студентот **Тијана Куковска** со ИД **6126** со мандат од 2 (две) години од денот на изборот или до завршување на студиите.

7. За заменик студентски правобранител од **Факултет за политички науки** избран е студентот **Јован Нашоку** со ИД **5805** со мандат од 2 (две) години од денот на изборот или до завршување на студиите.
8. Овластувањата на заменик студентски правобранители се:
   - Постапува по поднесок од страна на студент или по сопствена иницијатива доколку увидел дека е повредено право на студент од страна на органите на Универзитетот или друг член на академската заедница на Универзитетот.
   - Посредува во спорови помеѓу студентите и органите на Универзитетот, студентите и член на академската заедница на Универзитетот;
   - Дава препораки во конкретни случаи со цел разрешување на спорови;
   - Презема дејствија за кои е надлежен и по сопствено наоѓање. Ако започне постапка по сопствена иницијатива, потребна е согласност од студентот на кого му се повредени правата;
   - Става на јавна дискусија прашањата поврзани со системот на заштита на студентските права и кршењето на студентските права, и заклучоците од тие прашања да ги промовира со цел подобрување на квалитетот на високото образование и заштитата на студентските права;
   - Соработува со домашни и странски владини и невладини институции;
   - Врши и други надлежности доделени од студентскиот правобранител на УАКС, наставно – научниот совет на факултетот или од Универзитетското студентско собрание.

9. За својата работа заменик студентскиот правобранител поднесува годишен извештај до наставно – научниот совет на факултетот и до студентскиот правобранител на Универзитетот, најдоцна до 15 февруари тековната година за претходната година.
10. Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.
11. Одлуката да се достави до Претседателот на Универзитетското студентско собрание, деканите и наставно – научните совети на факултетите, генералниот секретар и до архивата на Универзитетот.

**Претседател на студентско собрание**
**Георгина Коминовска**

Георгина Коминовс ка

Digitally signed by Георгина Коминовска
Date: 2025.04.04 09:38:21 GMT